Врз основа на член 54 став (1) точка 1.21, член 77 од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/25 и 135/25) и член 27 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 40/26), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 19 јуни 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА**

1. Се продолжува лиценцата за пробна работа од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "ЕВН СОЛАР 4" издадена на ЕВН Македонија Електрани ДООЕЛ Скопје, Друштво за производство на електрична енергија со Одлука за издавање на лиценца за пробна работа ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 132/25 и 258/25).

2. Во Прилогот, во точка 4 зборовите "23 јуни 2026 година" се заменуваат со зборовите "23 декември 2026 година".

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

ЕВН Македонија Електрани ДООЕЛ Скопје, Друштво за производство на електрична енергија, со седиште на ул. "Лазар Личеноски" бр. 11 Скопје - Центар (во понатамошниот текст: Друштво), на 4 јуни 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), поднесе Барање за продолжување на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "ЕВН СОЛАР 4", УП1 бр.12-251/26 од 4 јуни 2026 година (во понатамошниот текст: Барање).

Регулаторна комисија за енергетика, на Барање на Друштвото, соодветно има донесено Одлука за издавање на лиценца за пробна работа ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 132/25 и 258/25).

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во Прилог 1, Образец БЛ 21 од Правилникот за лиценци.

Друштвото има доставено Технички извештај бр. ЕЕП 25/26-16224 од Извршен вонреден технички преглед на фотонапонски панели кои се градат на земјиште "ЕВН СОЛАР 4" со инсталирана моќност од 3.815,7 kW и трафостаници 2x2000 kVA, на локација на КП 4809, КП 4810 и КП 4814, КО

Куманово, Општина Куманово, од 27 мај 2026 година изработен од Стјуард Инспект ДООЕЛ Скопје Инспекциско тело. Во Извештајот е наведено дека бухолц релето на трансформаторот поставен во трафостаница бр. 1 исклучува после краткотрајно работење со што трафостаницата бр. 1 не е во функција.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр. 02-1027/2 од 19 јуни 2026 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 19 јуни 2026 година одржа седница на којашто врз основа на член 54 став (1) точка 1.21, член 77 од Законот за енергетика* и член 27 став (3) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за продолжување на лиценца за пробна работа на фотонапонската електроцентрала ФЕЦ “ЕВН СОЛАР 4” издадена на ЕВН Македонија Електрани ДООЕЛ Скопје, Друштво за производство на електрична енергија за период од шест месеци.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 12-251/26**
**19 јуни 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**